Врз основа на член 41-а алинеја 4 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија„ бр. 7/05, 103/08, 124/10 и 135/11), а во врска со член член 99 став 15 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија„ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11 и 123/12) и Правилникот за начинот и условите за организазирање на практична настава на студентите („Службен весник на Република Македонија“ бр.120/10), директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА СПРОВЕУВАЊЕ НА ПРАКТИЧНА НАСТАВА ЗА СТУДЕНТИ ВО ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**

## I.Општи одредби

1. Со оваа програма се пропишува начинот за организирање на практичната настава на студентите во Дирекцијата за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: Дирекцијата), согласно прописите за високото образование.

2.Во Дирекцијата годишно студентите се ангажираат за реализација на практична настава во соработка на вискообразовната институција од која доаѓа студентот.

## II.Практиканство

1.Практикант е студент на високообразовна институција на Република Македонија од областа на правото, економијата – бизнис администрацијата или јавна администрација кој стекнува практични искуства во Дирекцијата во вршење на работи и работни задачи од надлежност на Дирекцијата.

2. Практичната обука на практикантите во Дирекцијата може да трае најмногу до 30 дена во текот на годината, во временски период кој не може да трае помалку од еден ниту повеќе од осум часа во денот.

3. Практичната обука на практикантите во Дирекцијата ќе се реализира на следниот начин:

Прва недела:

1.Презентација и запознавање на практикантите со надлежностите на Дирекцијата;

2.Запознавање со одредбите од Уставот на Република Македонија кои се однесуваат на заштитата на личните податоци и правата на приватност како основни човекови слободи и права;

3.Запознавање на практикантите со меѓународната легислатива за заштита на личните податоци;

4.Проучување на легислативата од надлежност на Дирекцијата:

- Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија„ бр.7/05, 103/08, 124/10 и 135/11);
- Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/09 и 158/10);
-Правилник за начинот на вршење на инспекцискиот надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10);
-Правилник за формата и содржината на образецот на Известувањето за обработката на личните податоци и за начинот на известувањето во Централниот регистар на збирки на лични податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 155/08);

-Правилник за формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата за извршен пренос на личните податоци во други држави („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10);

5.Проучување на другата легислатива која се однесува на работата на Дирекцијата:

-Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/05, 110/08 и 51/11);

-Закон за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00,112/00, 30/01, 34/01, 103/01, 43/02, 98/02, 100/02, 17/03, 40/03, 84/03, 85/03, 17/04, 69/04, 81/05, 61/06, 36/07, 118/08, 128/08, 161/08, 6/09, 114/09, 1/10, 35/10, 167/10, 36/11, 6/12 и 24/12);

-Закон за јавните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/10,36/11, 6/12 и 24/12);

-Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/06, 86/08 и 6/10).

6.Други прописи со кои се уредуваат прашања од областа на заштита на личните податоци.

Втора недела:

Запознавање на студентите со:

- Годишните извештаи за работата на Дирекцијата;
- Програмата за волонтери и практиканти во Дирекцијата;
- Стратешкиот план на Дирекцијата;
- Годишните програми за работа на Дирекцијата;
- Програма за обука на државните службеници во Дирекцијата;
- Програма за обука за заштита на личните податоци;
- Годишната програма за вршење на инспекциски надзор на Дирекцијата за тековната година во која се реализира практичната настава;
- Месечните оперативни планови за вршење на инспекциски надзор во Дирекцијата;
- Видовите на инспекциски надзор (редовни, контролни и вонредни), што ги врши Дирекцијата согласно закон;
- Начинот на движење на предметите по приемот на истите, нивната распределба и начинот на постапување согласно Правилникот за начинот за вршење на видео надзор;
- Веб страницата на Дирекцијата;
- Улогата на Централниот регистар на збирки на лични податоци.

Трета недела

- Запознавање со процесот на подготвување на аналитички материјали (анализи, информации, извештаи и друго) што се изработуваат од вработените во Дирекцијата;
- Запознавање со процесот на подготвување на мислења и укажувања за контролорите о обработувачите;
- Учество на состаноци за консултации со контролорите и обработувачите;
- Учество при вршење на инспекциски надзор со инспекторите за заштита на личните податоци.

Четврта недела

- Работа на практикантите со конкретни предмети од извршени од извршени редовни, контролни и вонредни инспекциски надзори од страна на инспекторите за заштита на личните податоци;
- Работа на практикантите со конкретни предмети од Одделението за нормативно – правни работи;
- Завршен разговор на практикантите со директорот на Дирекцијата, или од него овластено лице за стекнатите искуства.

**III.Преодни и завршни одредби**

1.Со објавувањето на оваа програма ќе престане да се применува Програмата за волонтери и практиканти во Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2010 година бр.04-953/7 од 19.10.2010 година.

2.Оваа програма ќе се објави на веб страницата на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

**ДИРЕКТОР,**
**ДИМИТАР ЃЕОРЃИЕВСКИ**